**2010050924**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 април 2010 година.

Бр. 07- 1586/1
8 април 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008 и 83/2009), во членот 2 ставот (5) се брише.

Член 2

Насловот на членот 5 се менува и гласи: "Заштита на странките, учесниците во постапката за извршување и нивните семејства“.

Член 3

Во член 5 ставот (2) се менува и гласи:

“При спроведување на извршувањето извршителот е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот.“

Член 4

Во членот 11 став (1) точка 8 зборовите: “Единствен регистар на иматели на сметки“ се заменуваат со зборовите: “Единствен регистар на трансакциски сметки“.

Член 5

Во членот 30 став 1 зборовите: “кај судот“ се заменуваат со зборовите: “на посебната сметка на извршителот, освен во случај кога со закон е определено да се положи во судот“.

Член 6

Во членот 32 став (1) точка 2 по зборот “способност“ се става запирка и се додаваат зборовите: “што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;“.

Точката 3 се менува и гласи:

“3) да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);“.

Во точката 7 зборот “професијата“ се заменува со зборот “должноста“.

Во точката 8 зборовите: “да има“ се заменуваат со зборовите: “да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди“.

Член 7

Во членот 40 став (1) алинеја 11 сврзникот “и“ на крајот на реченицата се брише.

По алинејата 11 се додаваат две нова алинеја 12 и 13, која гласи:

“- поднесува барање за добивање на податоци за поседување на трансакциска сметка до правното лице кое го води Единствениот регистар на трансакциски сметки во врска со предметот на извршување и

- поднесува барање за распишување на потрага по моторното возило предмет на извршување до органот на државната управа од областа на внатрешните работи.“

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Извршителот е должен со личните податоци да постапува согласно со прописите за заштита на личните податоци, при спроведување на извршувањето согласно со овој закон.“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Член 8

Во членот 41 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

“(2) Извршителот при спроведување на извршувањето има право да побара податок од орган на државната управа или правно лице кое води регистар, како и асистенција од орган на државната управа за спроведување на предметот на извршувањето во согласност со овој закон.

(3) Субјектите од ставот (2) на овој член се должни да соработуваат со извршителот.“

Член 9

Во членот 43 став (1) по зборот „причинил“ се додаваат зборовите: „на странката или“.

Ставот (3) се менува и гласи:

“Штетата се утврдува во парнична постапка.“

Член 10

Насловот на членот 46 и членот 46 се менуваат и гласат:

"Награда и надоместок на трошоци за работа на извршителот

Член 46

(1) Извршителот за извршените дејствија има право на награда и надоместок на трошоците во согласност со Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителот.

(2) Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите ја донесува министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Комората на извршители, според следниве критериуми:

1) цена за администрирање која се определува според износот на главното побарување, односно вредноста на предметот на извршување утврдена во извршната исправа;

2) цена на извршните дејствија која се определува според видот, обемот и времетраењето на извршувањето на извршните дејствија и местото на нивното извршување и

3) награда на извршителот за извршените дејствија, која се определува според видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши, како и според износот на главното побарување утврдено во извршната исправа кај паричните побарувања, односно вредноста на предметот на извршување кај непаричните побарувања утврдена во извршната исправа.

(3) Доколку вредноста на непаричното побарување не е утврдена во извршната исправа, наградата изнесува 300 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пресметувањето.“

Член 11

Во членот 46-а по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

“(5) Ако доставата на писмената и актите од ставовите (1) и (2) на овој член извршителот ја врши со непосредно предавање на должникот, извршителот има право на наплата на цена на извршени дејствија за достава на судски писмена и акти согласно со Тарифата од членот 46 на овој закон само ако личната достава е успешно реализирана.

(6) Ако доставата на писмената и актите од ставовите (1) и (2) на овој член извршителот ја врши по пошта, извршителот наплатува реален трошок во висина на поштарината.“

Член 12

Во членот 47 став (1) зборовите: “привремено одземање на правото за вршење на професијата“ се заменуваат со зборовите: “привремена забрана за вршење на должноста“.

Во ставот (4) алинеја 2 сврзникот “и“ на крајот на реченицата се брише.

Во алинејата 3 точката се заменува со сврзникот “и“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

“- престанок на должноста на извршителот од причините предвидени со овој закон, со денот на предавање на евиденцијата на извршителот во Комората на извршители.“

Член 13

Во членот 48 став (4) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “освен во случај на престанок на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста“.

По ставот (5) се додаваат четири нови става (6), (7), (8) и (9), кои гласат:

“(6) Извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик-извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебна сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен.

(7) Во случај на привремена спреченост на извршителот и неговиот заменик подолго од 30 дена, по барање од претседателот на Комората, министерот за правда во рок од пет дена именува друг заменик извршител од редот на извршителите од истото подрачје, додека не се стекнат услови извршителот да продолжи со работа.

(8) По престанокот на причините за привремената спреченост на извршителот, извршителот ја продолжува работата во канцеларијата, за што писмено го известува министерот за правда.

(9) Должноста на заменикот што бил именуван од министерот за правда за времето на привремената спреченост на извршителот и неговиот заменик, ќе престане со враќањето на извршителот или на заменикот на извршителот коишто биле привремено спречени за работа.“

Член 14

По членот 51 се додава нов наслов и нов член 51-а, кои гласат:

"Приправници кај извршител

Член 51-а

(1) Извршителот во својата канцеларија може да ангажира приправници.

(2) Приправниците кај извршител се дипломирани правници со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломирани правници со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС), кои се вработени или извршуваат волонтерски работи во канцеларијата на извршителот. Приправниците се запишуваат во Именикот на приправници кај извршителите, кој го води Комората.

(3) Приправникот стручно се оспособува, а извршителот е должен да го следи и да го помага неговото стручно оспособување и да го контролира неговото присуство.

(4) Времето поминато како приправник кај извршител се изедначува во однос на правото на полагање на правосуден и нотарски испит, испит за извршители или друг стручен испит, доколку ги исполнуваат условите предвидени за полагање на соодветните испити.

(5) Надзор на стручното оспособување на приправникот кај извршител врши Комората.“

Член 15

Во членот 52 ставот (2) се менува и гласи:

“За вршење на надзорот Министерството за правда е должно најмалку во рок од три дена пред денот на вршење на надзорот, да го извести извршителот, односно Комората.“

Ставот (4) се менува и гласи:

“За извршениот надзор се составува записник, кој го потпишуваат овластените лица од Министерството за правда што го вршат надзорот и извршителот. Ако извршителот одбие да го потпише записникот е должен да ги изнесе причините за тоа, а овластеното лице ги внесува во записникот.“

По ставот (4) се додаваат седум нови става (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11), кои гласат:

“(5) За утврдените сосотојби од извршениот надзор се составува извештај.

(6) Примерок од извештај се доставува само до извршителот и до Комората на извршители во рок од 15 дена од денот на завршениот надзор, а кога предмет на извршување се средства од Буџетот на Република Македонија и до Државниот правобранител на Република Македонија.

(7) Надзорот над работењето на извршителите и на Комората го опфаќа уредното водење на книгите, предметните списи и евиденцијата во согласност со Законот и подзаконските акти.

(8) При вршењето на надзорот извршителот или претседателот на Комората е должен да овозможи пристап до просториите, книгите, предметните списи и целокупната евиденција на извршителот, односно Комората.

(9) Во зависност од констатираните состојби во извештајот за извршениот надзор, министерот за правда одлучува дали има основ за поднесување на предлог за поведување на дисциплинска постапка или за преземање на други мерки во согласност со закон.

(10) При вршењето на надзорот не смее да биде повредена тајноста на списите и класифицираните информации.

(11) Начинот на вршење на надзорот го пропишува министерот за правда.“

Член 16

Во членот 53 по зборот "извршителот“ се додаваат зборовите: "и Комората“.

Член 17

По членот 53 се додава нов наслов и нов член 53-а, кои гласат:

"Годишен извештај за работа на извршителот

Член 53-а

(1) Извршителот секоја година доставува писмен извештај до Комората за неговото работење во претходната година, најдоцна до 15 март во тековната година, во кој го наведува вкупниот број на примени барања за извршување, вкупниот број на реализирани извршни исправи, вкупниот износ на наплатени средства за цена за администрирање на предметите, за преземени извршни дејствија и награда за реализирани извршни исправи.

(2) Извршителот во прилог на писмениот извештај од ставот (1) на овој член доставува копија од завршната сметка доставена до Управата за јавни приходи."

Член 18

Членот 54 се менува и гласи:

"(1) Извршителот одговара дисциплински за своето нестручно и несовесно работење, ако со своето однесување при спроведување на извршувањето врши повреда на службената должност, предвидена во Законот за извршување, подзаконските акти и актите на Комората, со кои се уредува работењето на извршителот.

(2) Нестручно постапување е повреда на законот, со кое при спроведувањето на извршувањето извршителот предизвикува повреда на правата на странките во постапката или на трети лица.

(3) Несовесно постапување е постапување спротивно на етичките норми, професионалните стандарди и правила на извршителската должност."

Член 19

По членот 54 се додаваат пет нови наслови и пет нови члена 54-а, 54-б, 54-в , 54-г и 54-д, кои гласат:

„Видови дисциплински мерки

Член 54- а

За сторена дисциплинска повреда на извршител можат да му се изречат следниве дисциплински мерки:

а) јавна опомена;

б) парична казна;

в) привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител и

г) трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Определување на дисциплински мерки

Член 54- б

(1) Дисциплинската мерка јавна опомена се става на огласната табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекувањето.

(2) Дисциплинската мерка парична казна се изрекува во висина од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на изрекувањето. Плаќањето на паричната казна може да се определи во најмногу шест еднакви месечни рати.

(3) Дисциплинската мерка привремено одземање на правото за вршење на должноста може да се изрече во траење од три месеци до една година.

(4) Дисциплинската мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста се изрекува секогаш:

- кога извршителот бил именуван свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки за тоа и
- кога за времето за кое привремено му е одземено правото за вршење на должноста или привремено му е забрането вршењето на должноста, тој врши извршни работи или на друг начин ја избегнува дисциплинската мерка.

(5) При изрекувањето на дисциплинските мерки се земаат предвид тежината на повредата, последиците од таа повреда, степенот на одговорност на извршителот, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување, како и други олеснителни и отежителни околности.

(6) Во случај на поврат сторен во период од една до пет години, ќе се примени потешка дисциплинска мерка додека не се стигне до дисциплинската мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста.

(7) Ако со сторената дисциплинска повреда, извршителот стекнал имотна корист, паричната казна може да му се изрече до двојниот износ на висината на таа корист, независно од ограничувањето од ставот (2) на овој член.

(8) Конечните одлуки за утврдување дисциплинска одговорност на извршителите се објавуваат на веб локацијата на Комората и на Министерството за правда, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Член 54-в

Дисциплинска мерка јавна опомена или парична казна ќе му се изрече на извршителот, ако:

- службените списи и податоци ги чува спротивно на прописите за архивско и канцелариско работење,
- ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност,
- со своето однесување кон службените или други лица при спроведување на извршни дејствија го нарушува угледот и честа на службените или други лица или органот што го претставуваат и
- не ги исполнува обврските определени со актите на Комората, кои се однесуваат на унапредување и развивање на извршителската должност.

Член 54-г

Дисциплинска мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител, ќе му се изрече на извршител, ако:

- при спроведување на извршните дејствија не води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршувањето и нивните семејства,
- при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот,
- во поднесоци и други писмена, како и со своето однесување изразува непочитување на судовите, органите на државната управа и органите на Комората,
- неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките,
- во своето работење употребува факсимил,
- ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација која се одвива преку семинари и предавања,
- бара пристап до податоци за лице кое не е должник,
- наплати поголема награда за извршување или други трошоци определени со Тарифата,

- не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти,
- неоправдано го одложува извршувањето,
- врши јавни функции, или раководни, надзорни и управни функции во трговски друштва, државни заводи, служби за наплата, нотарски и адвокатски работи, и служба во верска заедница или религиозна група,
- парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од овој закон,
- не ги евидентира барањата за извршување според времето на нивниот прием во евиденцијата, која извршителот е должен да ја води,
- работи под дејство на алкохол или наркотични средства,
- не ја чува службената евиденцијата и списите по предметите во својата канцеларија и
- не му издава овластување на заменик-извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка.

Член 54-д

На извршителот ќе му се изрече мерката трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител, ако:
- не ги презема пропишаните мерки за спречување на перење пари и други приноси од казниви дела,
- не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето,
- неуредно и несовесно ја врши функцијата член на Дисциплинска комисија,
- е именуван, свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки,
- за времето за кое привремено му е одземено правото за вршење на должноста или привремена забрана за вршење на должноста врши работи на извршување или на друг начин ја избегнува казната,
- при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон,
- за себе или за свои роднини (во права линија или до четврти степен во странична линија), купува предмети на јавна продажба или стекнува други права во текот на извршувањето кое го спроведува,
- одава класифицирана информација со степен на тајност определена согласно со закон,
- врши трговска должност и посреднички работи,
- склучува договори во свое име за други лица или во туѓо име за себе или учествува во правна работа во која презема службени дејствија како извршител спротивно на овој закон,
- прима подароци или друг вид корист во врска со спроведување на извршувањето или го поставува личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот на извршител,
- незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето и
- не постапува според редоследот на примените барања за извршување.“

Член 20

Членот 55 се брише.

Член 21

Членот 56 се брише.

Член 22

Членот 57 се менува и гласи:

“Извршителот на кого му е изречена дисциплинска мерка одземање на правото на вршење на должноста се брише од Евиденцијата на извршители.“

Член 23

Во членот 58 став (3) зборот "процесно" се брише.

Член 24

Насловот на членот 59 и членот 59 се менуваат и гласат:

"Дисциплинска комисија

Член 59

(1) Дисциплинската постапка против извршителот ја води Дисциплинска комисија при Комората, согласно со одредбите на овој закон и актите на Комората.

(2) Дисциплинската комисија е орган на Комората кој го избира Собранието на Комората составен од пет члена и нивни заменици, со мандат од три години со право на повторен избор.

(3) Два члена и нивни заменици се избираат од редот на членовите на Комората, два члена и нивни заменици од редот на судиите по предолг на Судскиот совет на Република Македонија и еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда.

(4) Дисциплинската комисија ја спроведува дисциплинската постапка по предлог на овластен подносител и донесува одлука по предлогот, а начинот и поблиските услови во врска со работењето на Дисциплинската комисија ќе бидат уредени со Статутот и другите акти на Комората."

Член 25

По членот 59 се додаваат три нови наслови и три нови члена 59-а, 59-б и 59-в, кои гласат:

"Поведување на дисциплинска постапка

Член 59-а

(1) Дисциплинска постапка против извршител или заменик извршител се поведува по предлог на претседателот на Комората, претседателот на основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на извршителот и министерот за правда.

(2) Претседателот на Комората на извршители може да поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка заради повреди на Кодексот за професионална етика на извршителите и обврските предвидени во Статутот и другите општи акти на Комората и утврдени состојби кои укажуваат на сторена дисциплинска повреда од извршен надзор согласно со актите на Комората, како и по иницијатива на странките и учесниците во извршувањето за поведување на дисциплинска постапка доколку наводите во иницијативата се однесуваат на повреди определени со овој закон.

(3) Претседателот на основниот суд од ставот (1) на овој член може да поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител доколку, одлучувајќи по приговор против неправилности при извршувањето, повеќе пати утврди неправилности при извршувањето.

(4) Министерот за правда може да поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка, доколку во извештајот од извршен надзор се утврдени состојби кои укажуваат на сторена дисциплинска повреда.

(5) Предлогот за поведување дисциплинска постапка се доставува до Дисциплинската комисија на Комората .

(6) Предлогот за поведување дисциплинска постапка треба да содржи факти и докази од кои се утврдува постоењето на дисциплинската повреда.

(7) По приемот на предлогот, Дисциплинската комисија веднаш, а најдоцна во рок од пет дена, предлогот го доставува на одговор до извршителот на кој се однесува предлогот.

(8) Извршителот во рок од осум дена од приемот на предлогот има право да поднесе одговор на предлогот од ставот (5) на овој член и во одговорот да приложи докази со кои ги побива наводите во предлогот.

Тек на постапката

Член 59-б

(1) Постапката пред Дисциплинската комисија е итна, а одлука по предлогот мора да се донесе најдоцна во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на предлогот.

(2) Извршителот против кого се води постапката има право на непосредно произнесување пред Дисциплинската комисија.

(3) За утврдување на факти од значење за одлучувањето, Дисциплинската комисија може да изврши увид во списите на предметот на извршителот, а по потреба да изведе и други докази.

(4) Дисциплинската комисија може да овласти нејзин член да изврши увид во списите на извршителот и да прибави други докази, за што се составува записник.

Видови одлуки на дисциплинската комисија

Член 59-в

(1) Дисциплинската комисија донесува:

- решение со кое се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка, доколку предлогот е недозволен, односно поднесен од неовластен подносител,

- решение со кое се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда и

- решение со кое извршителот се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда и при што му се изрекува дисциплинска мерка.

(2) Дисциплинската комисија е должна да го извести предлагачот и Министерството за правда за донесената одлука во дисциплинската постапка против извршителот.

(3) Против одлуката на Дисциплинската комисија извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред надлежен суд.“

Член 26

Насловот на членот 60 и членот 60 се менуваат и гласат:

“Привремена забрана за вршење на должноста

Член 60

(1) На извршителот против кого е поведена постапка за дисциплинска повреда, со цел да се заштити достоинството на должноста извршител, по барање на овластените предлагачи за поведување на дисциплинска постапка, Дисциплинската комисија може да донесе одлука со која привремено му се забранува вршењето на должноста сé до завршувањето на дисциплинската постапка.

(2) Привремена забрана за вршење на должноста секогаш ќе се определи без оглед на тоа дали е поведена дисциплинска постапка против извршителот, ако:

а) се исполнети условите за разрешување на извршителот од членот 64 на Законот за извршување;

б) против извршителот е поведена постапка за одземање на деловна способност;

в) против извршителот е донесено правосилно решение за поведување на истрага за кривични дела сторени во врска со службените дејствија сé додека трае истрагата;

г) на извршителот му е изречена забрана за вршење на должноста согласно со закон и

д) против извршителот е донесена неправосилна пресуда со која му е изречена безусловна казна затвор над шест месеци.

(3) Одлуката за привремена забрана за вршење на должноста ќе се отповика штом ќе престанат причините кои ја иницирале.

(4) За одлуката за привремена забрана за вршење на должноста, Дисциплинската комисија ќе ја извести Комората, претседателот на основниот суд за чие подрачје е именуван извршителот и министерот за правда.

(5) Одлуката по барањето за привремена забрана за вршење на должноста се донесува во рок од 15 дена од денот на поднесување на предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

(6) Во случај на привремена забрана за вршење на должноста извршителот не смее да презема никакви службени дејствија. Сите дејствија преземени од извршителот за кого е донесена одлука за привремена забрана за вршење на должноста се ништовни.“

Член 27

Членот 61 се менува и гласи:

“(1) За извршување на конечните одлуки донесени во дисциплинската постапка се грижи претседателот на Комората.

(2) Конечните дисциплински одлуки за изречената парична казна имаат сила на извршна исправа и претседателот на Комората е должен да поднесе барање за присилно извршување. Средствата добиени со присилното извршување одат на сметката на Комората и тие можат да се користат само за стручно оспособување на извршителите во рамките на Комората.

(3) Ако со конечната дисциплинска одлука е изречена мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста, извршителот на кого таа казна му е изречена се брише од Евиденцијата на извршители. Конечната дисциплинска одлука со која е изречена друга дисциплинска мерка, како и неправосилната одлука за привремена забрана за вршење на должноста, се запишуваат во Евиденцијата на извршителите.

(4) Дисциплински мерки за дисциплински повреди се бришат од именикот по истекот на пет години од денот на нивното изрекување.

(5) Ако со конечната дисциплинска одлука е изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото за вршење на должноста или трајно одземање на правото за вршење на должноста, Министерството за правда изречените дисциплински мерки ги објавува во “Службен весник на Република Македонија”.“

Член 28

Во насловот на Главата седма зборот “ФУНКЦИЈАТА“ се заменува со зборот “ДОЛЖНОСТА“.

Член 29

Во насловот на членот 62 и во ставовите (1) и (2) зборот “функцијата“ се заменува со зборот “должноста“.

Во ставот (1) точка г) зборот “професијата“ се заменува со зборот “должноста“.

Член 30

Во членот 63 став (3) зборот “професијата“ се заменува со зборот “должноста“.

Член 31

Во членот 64 став (1) точка д) зборот “професијата“ се заменува со зборот “должноста“.

Во ставот (1) точка е) зборовите: “за потешки повреди при вршењето на извршните дејствија“ се заменуваат со зборовите: “трајно одземање на правото за вршење на должноста“.

Член 32

По членот 64 се додава нов наслов и нов член 64-а, кои гласат:

"Именување на извршител во случај на престанок на должноста на извршителот

Член 64 -а

(1) По престанок на должноста извршител, министерот за правда веднаш ќе започне постапка за именување на извршител кој ќе продолжи со работа во канцеларијата на извршителот чија должност престанала. Постапката за именување ќе се заврши најдоцна во рок од 60 дена сметано од денот на констатирањето на престанокот на должноста извршител.

(2) Ако на објавениот оглас не се јави ниту еден кандидат кој ги исполнува условите за именување, министерот за правда во рок од 15 дена ќе донесе решение со кое ќе определи извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ја преземе канцеларијата на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно со закон.

(3) Доверителот којшто не сака неговиот предмет да го продолжи новоименуваниот извршител може да го повлече барањето за извршување и да го довери на друг извршител, со тоа што сите дејствија коишто ги преземал дотогаш извршителот имаат правна важност, и извршителот на којшто ќе му биде доверено продолжување на постапката ќе ја продолжи постапката од стадиумот каде што се наоѓа.

(4) Трошоците за извршување за кои постои доказ дека се наплатени кај извршителот чија должност престанала му се признаваат на доверителот, а извршителот којшто ќе продолжи со спроведување на извршувањето е должен да ги наплати од должникот и да ги пренесе на доверителот.

(5) Претседателот на Комората со решение ќе го овласти именуваниот, односно определениот извршител да располага со посебната сметка на извршителот чија должност престанала."

Член 33

Во членот 66 став (2) зборот "професијата" се заменува со зборот "должноста".

Член 34

Во членот 68 став (1) точка б) зборот "професијата" се заменува со зборот "должноста".

Точката в) се брише.

Во точката з) сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборовите: "помошниците на извршителите" се додаваат зборовите: "и приправниците на извршителите".

Член 35

Во членот 69 став (4) точка а) зборовите: "и го изнесува своето мислење во случај на спор кој се однесува на плаќање за извршената работа" се заменуваат со зборовите: "кои се однесуваат на примената на овој закон".

По точката а) се додава нова точка б), која гласи:

"б) изготвува и доставува мислење во случај на спор меѓу извршителите и нивните странки коешто се однесува на плаќање за извршена работа во рок од 15 дена по барање на странките и овластените предлагачи за поведување на дисциплинска постапка;".

Точките б) и в) стануваат точки в) и г).

Член 36

Во членот 72 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Комората е должна до министерот за правда секоја година најдоцна до 1 април да достави писмен извештај за работењето на секој извршител поединечно за претходната

година во тековната година, во кој го наведува вкупниот број на примени барања за извршување, вкупниот број на реализирани извршни исправи, вкупниот износ на наплатени средства за цена за администрирање на предметите, за преземени извршни дејствија и награда за реализирани извршни исправи.“

Член 37

Во членот 97 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Во случај кога проценетата вредност на подвижните предмети е поголема од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на донесувањето на заклучокот се применуваат одредбите за полагање на гаранција од членот 171 на овој закон.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 38

Насловот на членот 99 се менува и гласи: “Запирање на извршувањето спрема попишани предмети“.

Член 39

Во членот 99 став (1) зборовите: “ја запре постапката“ се заменуваат со зборовите: “го запре извршувањето спрема попишаните предмети“.

Член 40

Во членот 100 став (1) по првата реченица се додава нова реченица, која гласи: “Во случајот од членот 97 став (4) на овој закон купувачот е должен цената да ја положи во рок од три дена.“

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Кога природата на предметот бара одредени подготовки за предавање во владение, предавањето ќе се изврши најдоцна во рок од осум дена од заклучување на наддавањето, односно од продажбата со непосредна спогодба.“

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 41

Во членот 137 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Налогот за извршување врз парично побарување по сметка кај банка што му припаѓа на физичко лице, извршителот е должен да го изготви почитувајќи ги ограничувањата на извршувањето од членот 105 на овој закон.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 42

Во насловот на Главата петнаесетта зборот “АКЦИИ“ се заменува со зборовите “ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ“.

Член 43

Насловот на членот 167 се менува и гласи: “Заклучок за продажба со усно јавно наддавање“.

Член 44

Во членот 169 став (1) точката се брише и се додаваат зборовите: “или со непосредна спогодба“.

Во ставот (3) по зборовите: “непосредна спогодба“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Член 45

Во членот 171 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Доверителот и заложниот доверител од ставот (3) на овој член кој претходно учествувал на јавно наддавање и понудил највисока цена, а цената не ја уплатил во определениот рок не е ослободен од полагање на гаранција за следните продажби.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 46

Во членот 174 став (4) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “при што во изјавата се должни да ја определат почетната цена“.

Член 47

Во насловот на членот 176 зборовите: “при продажба“ се бришат.

Член 48

Во членот 176 се додаваат четири нови става (1), (2),(3) и (4), кои гласат :

“(1) По исполнување на условите од членот 169 став (3) на овој закон извршителот донесува заклучок за продажба со непосредна спогодба.

(2) Договорот за продажба со непосредна спогодба се склучува во писмена форма. Договорот го потпишуваат купувачот и извршителот во име и за сметка на должникот.

(3) Договорот произведува дејство од денот на донесувањето на заклучок за предавање на недвижноста.

(4) По уплатата на цената на недвижноста за извршената продажба со непосредна спогодба и данокот на промет, извршителот во рок од три дена донесува заклучок за извршената продажба, кој претставува правна основа за стекнување на правото на сопственост со запишување во Катастарот на недвижности.“

Ставовите (1) и (2) стануваат ставови (5) и (6).

Член 49

Во членот 180 став (4) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “спрема оваа недвижност“.

Во ставот (5) по зборот “запре“ се додаваат зборовите: “спрема оваа недвижност“.

Член 50

Во членот 202 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

“(5) Извршителот е должен да го достави налогот за извршување до должникот, откако налогот за извршување врз средства на сметката на должникот е евидентиран кај носителот на платен промет.“

Член 51

Во членот 235 став (1) зборот “професијата“ се заменува со зборот “должноста“.

По ставот (1) се додаваат пет нови става (2), (3), (4), (5) и (6), кои гласат:

“(2) Кандидатот за полагање на испитот за извршители е должен да ги надомести трошоците за полагање на испитот.

(3) Министерот за правда ја утврдува висината на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на писмениот дел од испитот, изготвување и копирање на материјали и покани и изготвување на уверенија и надоместок за работата на членовите и секретарот на испитната комисија.

(4) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за правда.

(5) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за правда, најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитната сесија, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(6) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средставата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.“

Ставот (2) станува став (7).

Член 52

Подзаконските акти предвидени со овој закон министерот за правда ќе ги донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Комората на извршители ќе ги усогласи актите на Комората со одредбите од овој закон во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 53

Ако настане престанок на должноста извршител пред денот на влегувањето во сила на овој закон, министерот за правда во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, определува извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје, којшто веднаш ќе ја преземе канцеларијата на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно со закон. Пред преземањето на канцеларијата на извршителот чија должност престанала од страна на определениот извршител, ќе се изврши селекција на предметите, книгите и документите на извршителот чија должност престанала од страна на Комисијата која ја формира министерот за правда, составена од претставник на Министерството за оравда, Комората на извршители и судија од подрачјето на надлежниот основен суд за кое е именуван извршителот.

Претседателот на Комората со решение ќе го овласти именуваниот, односно определениот извршител да располага со посебната сметка на извршителот чија должност престанала.

Член 54

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за извршување.

Член 55

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува по истекот на 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен членот 1 од овој закон кој ќе започне да се применува од 1 ноември 2010 година.